Уп. Бр. 08-29/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од физичко лице Тодор Анѓушев, со адреса на живеење на ул. Ташкентска бр. 3А-3, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија преку полномошник адвокат М-р Никола Лазаров од Скопје, на седницата одржана на ден 26.02.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со физичко лице Тодор Анѓушев, со адреса на живеење на ул. Ташкентска бр. 3А-3, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија ќе стекне контрола над Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје, со седиште на Бул.Свети Климент бр.30-1/, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 22.01.2024 година, а дополнето на 06.02.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна физичко лице Тодор Анѓушев, со адреса на живеење на ул. Ташкентска бр. 3А-3, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, со која физичко лице Тодор

Анѓушев, ќе стекне контрола над Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје, со седиште на Бул.Свети Климент бр.30-1/, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Тодор Анѓушев е сопственик на 100% од уделите во Друштво за трговија и услуги ГРИН ЕНЕРЏИ ДИВЕЛОПМЕНТ ДООЕЛ Скопје. Друштвото е со регистрирана дејност неспецијализирана трговија на големо.

Тодор Анѓушев во моментот е сопственик на 50% од уделите во ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје и истиот е и управител, со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет.

Дејноста на Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје претставува техничко испитување и анализа тоа е активно во полето на изведување програми за одржување во индустријата на обновлива енергија, со респонзивни, плански, превентивни и надвор од работно време пакети во Република Северна Македонија.
ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје работи и како инспекциско тело, изведувајќи периодични и годишни тестирања на електрична опрема и на електрани.

ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје е сопственик на 100% од уделите во Друштво за транспорт, трговија и услуги ЕМС транспорт увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, кое е со регистрирана дејност товарен патен транспорт, во кое управител е Тодор Анѓушев.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

***Упатство за правно средство:***

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ана Николоска